Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 23.10.2020

На 22.10.2020 во 20,00 часот било пријавено дека на регионалниот пат Струга-Дебар кај с.Велешта се случила сообраќајна незгода помеѓу моторцикл управуван од А.Ш.(21) од с.Октиси-струшко и патничко моторно возило „опел" со струшки регистарски ознаки, управувано од М.Д.(26) од с.Октиси-струшко. Во незгодата моторциклистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во болницата "Св.Еразмо"-Охрид, а сопатникот-малолетник од с.Октиси се здобил со телесни повреди констатирани во Медицинскиот центар Струга. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Струга.

На 22.10.2020 во 17,15 часот било пријавено дека на пругата помеѓу железничката станица „Радуша" и железничката станица „Јегуновце" се случила незгода помеѓу патничкиот воз кој сообраќал на релација Скопје – Кичево и товарно моторно возило "форд транзит" со скопски регистарски ознаки, управувано од Ф.Ќ.(44) од Тетово. Во незгодата возачот и сопатникот М.А.(56) од Тетово се здобиле со повреди констатирани во Клиничката болница Тетово. Извршен бил увид на местото на настанот.

На 21.10.2020 во 18,00 часот било пријавено дека во с.Длапкин Дол-кичевско, при изведување земјоделски работи, била пронајдена една неексплодирана бомба од Втората Светска Војна. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Кичево, а од страна на ДЗС истата била безбедно подигната за понатамошна постапка.

На 22.10.2020 во 13,00 часот било пријавено дека во Свети Николе А.Г.(43) од Свети Николе извршувајќи работни задачи, се здобил со повреди по што бил пренесен во Клиничкиот центар Штип за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Свети Николе.

На 22.10.2020 во 17,00 часот Полициската станица Кисела Вода М.С.(69) од Скопје пријавила дека на ул."Вера Јоциќ" била касната од куче скитник. На 22.10.2020 во 20,00 часот било пријавено дека на регионалниот пат Струга-Дебар кај с.Велешта се случила сообраќајна незгода помеѓу моторцикл управуван од А.Ш.(21) од с.Октиси-струшко и патничко моторно возило „опел" со струшки регистарски ознаки, управувано од М.Д.(26) од с.Октиси-струшко. Во незгодата моторциклистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во болницата "Св.Еразмо"-Охрид, а сопатникот- малолетник од с.Октиси се здобил со телесни повреди констатирани во Медицинскиот центар Струга. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Струга.

На 22.10.2020 во 17,15 часот било пријавено дека на пругата помеѓу железничката станица „Радуша" и железничката станица „Јегуновце" се случила незгода помеѓу патничкиот воз кој сообраќал на релација Скопје – Кичево и товарно моторно возило "форд транзит" со скопски регистарски ознаки, управувано од Ф.Ќ.(44) од Тетово. Во незгодата возачот и сопатникот М.А.(56) од Тетово се здобиле со повреди констатирани во Клиничката болница Тетово. Извршен бил увид на местото на настанот.

На 21.10.2020 во 18,00 часот било пријавено дека во с.Длапкин Дол-кичевско, при изведување земјоделски работи, била пронајдена една неексплодирана бомба од Втората Светска Војна. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Кичево, а од страна на ДЗС истата била безбедно подигната за понатамошна постапка.

На 22.10.2020 во 13,00 часот било пријавено дека во Свети Николе А.Г.(43) од Свети Николе извршувајќи работни задачи, се здобил со повреди по што бил пренесен во Клиничкиот центар Штип за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Свети Николе.

На 22.10.2020 во 17,00 часот Полициската станица Кисела Вода М.С.(69) од Скопје пријавила дека на ул."Вера Јоциќ" била касната од куче скитник.

На 22.10.2020 во 23,35 часот во полициската станица за граничен премин "Табановце" било пријавено дека на излез од Република Северна Македонија, во товарен воз кој сообраќал на релација Република Грција-Република Унгарија има оштетување на пломби на шест вагони натоварени со девет контејнери. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР-Куманово исе работи на расчистување на случајот.

На 22.10.2020 во 19,00 часот, било пријавено дека во Општата болница во Струга, со повреди бил донесен И.И.(40) од с.Велешта-струшко. Од полициски службеници било излезено на местото на настанот и било констатирано дека тој, на авто-плац кај селото Долна Белица, бил физички нападнат од Г.О. и А.О. од с.Велешта. По целосното расчистување и документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 22.10.2020 во 18,03 часот било пријавено дека во с.Кондово-скопско бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу членови на две семејства. Имено, според пријавеното, во дворот од куќата сопственост на Т.Ф.(45) дошле браќата Ф.Љ. С.Љ. и Ф. Љ. и физички го нападнале сопственикот, а потоа и С.Ф.(45), Р.Ф.(21) и 15 годишен малолетник.Полициски службеници излегле на местото на настанот и бил пронајден нож, како и две чаури за кои Т.Ф. посочил дека биле испукани од пиштол од страна на Ф.Љ. Во 21,00 часот од Комплексот клиники „Мајка Тереза" било пријавено дека кај нив биле донесени С.Љ. и Ф.Љ. со повреди од остар предмет. Се работи на целосно расчистување на случајот.

На 22.10.2020 во 14,20 часот Н.М.(40) од Кратово пријавила дека во ходникот на Здравствен дом во Кратово била физички нападната од В.М.(45) од Кратово. Се работи на расчистување на случајот.

На 22.10.2020 во 15,00 часот било пријавено дека во Кочани, на ул.„БлажеПоп Арсов" во куќа сопственост на С.С. настанал пожар. Во пожарот нема повредени лица. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Кочани.

На 23.10.2020 во 00,35 часот било пријавено дека во Виница, бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу Т.А.(23), Ш.И.(53), Е.М.(19) сите од Виница, Т.Р.(41) од Кочани и 17 годишник од Виница. Се работи на расчистување на случајот.

На 22.10.2020 во 19.15 часот, било пријавено дека во Свети Николе на ул.,,Септемвриска" настанал пожар во куќа сопственост на И.Д.(37), а во која живее нејзината мајка Л.Ј.(71) и бил зафатен кровот од куќата. Од територијалната противпожарна единица Свети Николе пожарот бил изгаснат. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од полициската станица Свети Николе.

На 22.10.2020 во 18,20 часот М.Ц.(38) од с.Средно Коњари-скопско, пријавил дека во с.Средно Коњари неговиот малолетен син бил физички нападнат од Р.Р (41) од с.Средно Коњари. Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 12 од ЗППЈРМ.

На 22.10.2020 во 14,50 часот Н.Р.(39) од Скопје пријавила дека во населбата Аеродром била физички нападната од Д.С.Се работи на расчистување на случајот.

На 22.10.2020 во 21,58 часот М.К.(36) од с.Василево-струмичко пријавил дека истиот ден околу 20,00 часот во с.Василево бил физички нападнат со тврд предмет од К.Г. Се работи на расчистување на случајот.

На 22.10.2020 во 18,20 часот Н.Л.С.(50) од Радовиш пријавила дека во Радовиш нејзиниот 14 годишен син бил физички нападнат од две лица од Радовиш. Се работи на расчистување на случајот.

На 22.10.2020 во 19,35 часот од полициски службеници од Полициската станица Берово и Регионалниот центар за гранични работи Исток на крстосницата "Брик"-Берово било забележано патничко моторно возило "пежо 307" со бугарски национални ознаки кое на даден знак не застанало. По преземени мерки кај раскрсницата за село Ратево, било пронајдено возилото, а биле пронајдени и три лица – мигранти од Сирија. За настанот бил известен Јавен обвинител и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На22.10.2020 во 22,10 часот И.М.(42) од Гостивар пријавил дека во Гостивар бил физички нападнат тој и неговиот пријател А.А. од Г.Д.. Се работи на расчистување на случајот.

На 22.10.2020 во 16,22 часот во Полициската станица Гостивар, од Ургентен центар Гостивар било пријавено дека кај нив има починато лице.Според пријавеното,во чајулиница во Гостивар, на И.Р.(78) од Гостивар кој бил гостин во објектот во еден момент му се слошило. Потоа со Итна медицинска помош бил пренесен во Ургентниот центар Гостивар, каде што од страна на лекар била констатирана смрт. По наредба на Јавен обвинител, телото на починатиот било дадено за обдукција.

На 22.10.2020 во 13,20 часот во Полициската станица Драчево, С.Б.(53) од Скопје пријавил дека на 20.10.2020 околу 06,50 часот населбата Драчево Н.Ѓ физички го нападнал и му одзел 6.000 денари. Се работи на расчистување на случајот.

На 22.10.2020 во 22,10 часот во Кочани вработени во шумска полиција во Кочани околу 16,30 часот додека извршувале службени дејствија во содејство со полициски службеници од полициската станица Кочани биле физички нападнати од група дрвокрадци при одземање на патничко моторно возило „лада нива" без регистарски ознаки натоварена со огревни дрва без соодветна документација. Известен е јавен обвинител и се преземаат мерки за расчистување на случајот и приведување на напаѓачите.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет